РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1690/1

26-04-2021 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 48-та седница одржана на 22.04.2021 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-4920/1 од 21.10.2019 година оформен по пријава поднесена од непознат подносител (анонимна пријава).

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-4920/1 од 21.10.2019 година, од причина во конкретниот случај Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа --------------- во законскиот рок утврден во членот 15 од Законот за измена и дополнување на Законот за социјална политика, го доставила бараниот документ – сертификат за активно познавање на англиски јазик со што го исполнила бараниот услов согласно закон.

Предметот да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-4920/1 од 21.10.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител (анонимна пријава).

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за сторени незаконитости од страна на Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа ------------------ во врска со обезбедување на релевантен доказ-меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англиски јазик, услов утврден во членот 186 од Законот за социјална заштита, без да знае еден збор на аглиски јазик.

Со цел проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба во пријавениот предмет, ДКСК достави Барање за прибирање податоци и информации со број 12-1835/1 од 28.04.2020 година до Директорот на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа ----------------- да се достави информација - кога и кај кој официјален европски тестатор го полагал испитот за познавање на англиски јазик, колку поени освоил на испитот со прилог копие од доказот за положен испит -сертификат / уверение за познавање на англиски јазик.

Во законски утврдениот рок беше доставен одговор од Директорот на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа -------------.

Од направениот увид во приложените документи, ДКСК ја констатира следната фактичка состојба:

Во доставениот одговор е доставен одговор дека Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа ------------- во кој се наведува дека во законски утврдениот рок го има обезбедено меѓународно признат сертификат за активно познавање на англиски јазик согласно Решението бр.02-7772/2 од 05.07.2018 година на Министерството за труд и социјална политика за избор на Директор на Установата. Во приложената документација е доставен документ-Test center APCU- 8007 – FULL Bright Commission, test center Bulgaria, Certificate No. ADP 075C1/19.06.2019/C1-Language school Julia CO.LTD со освоени вкупно бодови 78.

Врз основа на сето гореспоменато, ДКСК констатира дека во конкретниот случај Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа -------------- во законскиот рок утврден во членот 15 од Законот за измена и дополнување на Законот за социјална политика, каде стои дека директорите кои се избрани во период од денот на влегувањето на овој закон до 1 септември 2018 година должни се да го исполнат условот за познавање на англиски јазик најдоцна во рок од една година од денот на нивниот избор, го доставил бараниот документ – сертификат за активно познавање на англиски јазик со што го исполнил бараниот услов согласно закон. Врз основа на сето горeутврдено, ДКСК заклучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметиот случај и предметот да се затвори и архивира.

Од досегашната работа по предмети ДКСК забележува дека не е воспоставен јасен систем на контрола, надзор и верификација на веродојстоноста на сертификатите за познавање на странски јазици стекнати во странство. Не е јасно пропишано како може да се утврди дали едукативните и јазичните центри во странство се членови на Здружението ---------на европски тестатори. Поради ова ДКСК ќе настојува заедно со Министерство за образование и наука и другите надлежни органи да се изнајде соодветно решение за полагање на испитот за познавање на странските јазици над која ќе може на соодветен начин да се врши надзор по основ на компетентноста на издавачот и надлежностите при утврдување на веродојстојноста на издадените сертификати.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**